У-6.бр.1001/2020

ВО ИМЕТО НА ГРАЃАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

УПРАВНИОТ СУД во совет составен од судиите: Марта Телегравчиска - претседател на советот, Рамије Цара и м-р Ѓоко Живковски - членови на советот, со записничар - судски советник Добрила Бришкоска Арсова, одлучувајќи по тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС" ДООЕЛ Скопје, поднесена преку полномошник Александар Димитриевски, адвокат од Скопје, против решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки на Р.С.Македонија бр.09-196/10 од 03.03.2020 година, за Одлука за избор на најповолна понуда, на седницата на советот одржана на ден 08.01.2021 година, согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови, донесе:

## П Р Е С У Д А

Тужбата на тужителот Друштво за трговија и услуги „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС" ДООЕЛ Скопје, поднесена против решението на Државната комисија за жалби по јавни набавки на Р.С.Македонија бр.09-196/10 од 03.03.2020 година, СЕ ОДБИВА КАКО НЕОСНОВАНА.

## О б р а з л о ж е н и е

Тужителот со тужба за управен спор ја оспорува законитоста на решението на тужениот орган означено во изреката на оваа пресуда поради, непостапување според правилата на постапката која му претходела на актот, погрешно и нецелосно утврдена фактичка состојба и погрешна примена на материјалното право со предлог, судот да ја уважи тужбата на тужителот во целост, оспореното решение да го поништи во целост.

Тужбата судот ја достави до тужениот орган, кој во рокот определен од судот, електронски ги достави списите по предметот и во одговор остана кон наводите на оспореното решение со предлог тужбата да се одбие како неоснована.

Одговорот на Тужбата даден од страна на тужениот орган, Судот го достави на одговор до спротивната странка - до полномошникот на тужителот, Александар Димитриевски, адвокат од Скопје, кој во дадениот рок до Судот не достави Одговор на одговорот на тужба на тужениот орган.

Судот најде дека тужбата на тужителот е неоснована.

Со оспореното решение означено во изреката на пресудата, жалбата на жалителот „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС" ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за поништување на постапка бр.09-361/3 од 10.02.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.09412/2019 за набавка на работи - набавка на гумени подови за детски игралишта на територија на

Општина Центар – Скопје на договорниот орган Општина Центар, се одбива поради неоснованост.

Оценувајќи ја законитоста на оспореното решение, Судот најде дека е законито и со истото не е повреден законот на штета на тужителот.

Согласно член 37 став 1 од Законот за управните спорови („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/2006 и 150/2010), законитоста на оспорениот управен акт судот ја испитува во границите на барањето од тужбата, но при тоа не е врзан со причините на тужбата.

Согласно член 2 точка 10 од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019), „Тендерска документација" е секој документ изработен од страна на договорниот орган или на кој упатува договорниот орган, а со кој се опишуваат или се утврдуваат елементите на одредена набавка или постапка, вклучувајќи го и огласот за јавна набавка, претходното информативно известување или периодичното индикативно известување кое се користи како замена за оглас за јавна набавка, техничките спецификации, описната документација, предложените услови на договорот, обрасците што ги пополнуваат кандидатите или понудувачите, информациите за општо применливите прописи и сета дополнителна документација. Согласно точка 11 од истиот став на член 2, „Прифатлива понуда" е понуда поднесена од понудувачот, која ги исполнува условите за утврдување способност, потребите и барањата на договорниот орган наведени во техничките спецификации и останатата тендерска документација, што е навремена, која нема невообичаено ниска цена, а чија конечна цена не ги надминува средствата обезбедени или кои може да се дообезбедат од договорниот орган согласно со овој закон.

Согласно со член 81 став 1 од истиот Закон, договорниот орган во тендерската документација ги наведува барањата, условите, критериумите и други неопходни информации, со цел да му обезбеди на економскиот оператор целосни, точни и прецизни информации во врска со начинот на спроведување на постапката за јавна набавка. Согласно став 2 од истиот член, тендерската документација, во зависност од видот на постапката, особено содржи: - општи информации во врска со договорниот орган, - упатства во врска со законските рокови и неопходните услови за учество, - минималните критериуми за утврдување способност и документација што треба да ја поднесат понудувачите или кандидатите за да го докажат исполнувањето на критериумите за утврдување способност, - технички спецификации или во случај на примена на конкурентен дијалог, постапки со преговарање и партнерство за иновации, описна документација, - упатства во врска со изработка и поднесување на техничката и финансиската понуда, - детална и целосна информација во врска со критериумите за избор на најповолна понуда, - упатства во врска со правната заштита во постапка за јавна набавка и - информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка. Согласно став 3 од истиот член, по исклучок од ставот (2) на овој член, кај набавките со постапка од мала вредност со објавување оглас, договорниот орган изготвува поедноставена тендерската документација која особено содржи инструкции за поднесување на понудата и технички спецификации, додека при користење на електронскиот пазар на набавки со постапка од мала вредност само краток опис на предметот на набавка.

Согласно член 105 став 1 од истиот Закон, понудувачот ја изготвува понудата во согласност со тендерската документација. Согласно став 2 од истиот член, понудата е обврзувачка за целиот период на важност што го утврдил договорниот орган. Согласно став 3 од истиот член, договорниот орган може, во исклучителни случаи кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

Од списите по предметот произлегува дека, договорниот орган – Општина Центар, спровел постапка за јавна набавка по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.09412/2019 за набавка на работи - набавка на гумени подови за детски игралишта на територија на Општина Центар – Скопје, за што претходно била донесена Одлука за јавна набавка бр.09-4301/2 од 04.10.2019 година. Постапката била објавена на ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, набавката не била делива, а договорниот орган во тендерската документација и огласот предвидел дека како критериум за избор ќе се користи економски најповолна понуда-цена. Постапката било предвидено да се спроведе во електронска форма и ќе завршела со спроведување на електронска аукција. До крајниот рок за поднесување на понудите 21.10.2019 година до 10:00 часот, пристигнале вкупно 6 (шест) понуди за што бил составен Записник од отворањето на понудите бр.22-4301/7 од 21.10.2019 година. Комисијата за јавни набавки на договорниот орган извршила проверка на комплетноста и валидноста на понудите, по што прифатливите понуди ги поканила на еаукција која се одржала на ден 04.11.2019 година со времетраење од 12:00:00 часот до 13:54:00 часот. Врз основа на генерираниот извештај од текот на е-аукцијата и Извештајот од спроведена постапка од 19.12.2019 година, Комисијата за јавни набавки дала предлог за поништување на постапката. Ваквиот предлог бил прифатен од страна на одговорното лице на договорниот орган по што била донесена Одлука за поништување на постапка бр.09-4301/27 од 19.12.2019 година.

Незадоволен од донесената Одлука за поништување на постапка бр.09-4301/27 од 19.12.2019 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС“ ДООЕЛ Скопје.

Постапувајќи по жалбата, Државната комисија за жалби по јавни набавки донела Решение бр.09-19/5 од 14.01.2020 година, со кое ја укинала Одлуката за поништување на постапка бр.09-4301/27 од 19.12.2019 година и предметот го вратила на повторно одлучување, со образложение дека постапувајќи по жалбените наводи, како и земајќи ги предвид и наводите дадени во одговорот на жалбата, и увид во ЕСЈН во досието од конкретната постапка, било констатирано дека документацијата од прворангираниот понудувач по електронската аукција, сега тужител, „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС“ ДООЕЛ Скопје, договорниот орган ја оценил како валидна освен доказот за докажување на економско финансиска состојба, а тужителот за исполнување на истиот услов од потточка 2.4.2.1 од тендерската документација доставил доказ Извештај од билансот на состојба и податоци од билансот на успех издаден од Централен Регистар на Република Северна Македонија број: 0904-50/155020190028761 од 07.08.2019 година во кој било наведено дека субјектот е нов и нема обврска да состави и достави годишна сметка за 2018 година.

Врз основа на извршената повторна евалуација и утврдената фактичка состојба, Комисијата за јавни набавки составила Извештај од повторното постапување на комисијата за јавни набавки, согласно дадените забелешки на Државната комисија за жалби по јавни набавки во Решението бр.09-19/5 од 14.01.2020 година, во кој повторно одлучила да достави до одговорното лице предлог за донесување одлука за поништување на постапката за јавна набавка на работи - Набавка на гумени подови за детски игралишта на територија на Општина Центар - Скопје и истиот го доставила до Градоначалникот на Општина Центар Скопје. Градоначалникот на Општина Центар - Скопје го разгледал Извештајот од повторното постапување на Комисијата за јавни набавки, го прифатил предлогот на Комисијата и донел Одлука бр.09-361/3 од 10.02.2020 година за поништување на поедноставена отворена постапка за јавна набавка на работи - Набавка на гумени подови за детски игралишта на територијата на Општина Центар - Скопје, согласно член 114, став 1, алинеја 2 од Законот за јавните набавки, поради тоа што не била поднесена ниту една прифатлива понуда.

Незадоволен од донесената Одлука за поништување на постапката бр.09-361/3 од 10.02.2020 година, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки поднел економскиот оператор „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС“ ДООЕЛ Скопје. Во жалбата жалителот навел дека договорниот орган во 2019 година имал донесено Одлука за спроведување на постапка за јавна набавка на гумени подови за детски игралишта на територија на Општина Центар - Скопје со оглас бр. 09412/2019. Жалителот навел дека учествувал со сите потребни документи за исполнување на бараните услови и докажување на техничка и професионална способност, како и за економска и финансиска состојба и истите ги доставил на Комисијата за јавни набавки. На аукцијата одржана на 04.11.2019 година, жалителот дал најниска цена и тоа за проценета вредност на набавката на гумени подови 1.525.423,73 денари, на аукцијата била поднесена најниска цена 970.000,00 денари. Договорниот орган по завршувањето на аукцијата донел Одлука да ја поништи постапката за јавна набавка на гумени подови со број на Одлука 09-4301/27 од 19.12.2019 година, со образложение дека не била поднесена ниту една прифатлива понуда. Жалителот цитирал дел од Решението на Државната комисија по претходно вложената жалба за истиот предмет и навел дека и покрај сето тоа договорниот орган Општина Центар решил да не ја почитува Одлуката на Државната комисија за жалби и спротивно од неа дадените насоки со Одлука број 09-361/3 од 10.02.2020 година со која повторно ја поништил постапката за јавна набавка на гумени подови за детски игралишта на територија на Општина Центар. Притоа договорниот орган не дал никакви нови аргументи за поништувањето, туку ги препишал истите ставови од претходната одлука, а кои ставови биле отфрлени од Државната комисија како неправилни и дискриминаторски и биле дадени насоки за прифаќање на понудата на жалителот. Согласно наведеното, жалителот ја вложил жалбата по вторпат, по истиот основ бидејќи сметал дека неговата понуда и документација биле комплетни бидејќи вклучуваат доказ за остварен приход соодветен на барањето во тендерската документација, како и потврди за поединечни претходни испораки од ист вид со наведен износ и неговата понуда требало да биде оценета како прифатлива, бидејќи истото го потврдила и самата Државна комисија. Договорниот орган во своите напори по секоја цена да ја поништи Постапката за набавка на гумени подови, во образложението на Одлуката за поништување на постапката на страна бр.3 навел дека при повторната евалуација на понудите

утврдил дека сите понуди се неприфатливи и од причина што бил истечен рокот за важност на понудите. Жалителот навел дека ова тврдење е неточно бидејќи како понудувач, на 21.01.2020 година, доставил Допис за продолжување на рокот на важност на понудата и ја доставил уште еднаш понудата со соодветно намалени цени согласно електронската аукција и со нов рок на важност 31.12.2020 година. Овие документи биле официјално објавени на системот Е - Набавки бидејќи биле прикачени во сегментот на дополнително прикачени документи, за кои жалителот доставил прилог фотографија. Во вакви случаи на водење жалбена постапка поради дополнителниот период на самата постапка , договорниот орган бил тој кој требало да побара продолжување на рокот на важност на понудите и за жалителот симптоматично било што договорниот орган го немал тоа побарано од понудувачите, но сепак сметал дека тоа не можело да биде причина за поништување на постапката во услови на водење на жалбена постапка, а имајќи го во предвид фактот што самиот како понудувач имал официјално доставено понуда со рок на важност на Понудата 31.12.2020 година, што значи понудата била важечка и не била истечена. Во однос на последното објаснување на договорниот орган во својата Одлука за поништување на постапката за набавка на гумени подови дека средствата планирани за оваа набавка биле одобрени за набавка во 2019 година и дека реализацијата била планирана во месеците Ноември и Декември 2019 година, исто како и исплатата на истата, жалителот навел дека за овој оглас последен рок за доставување на понудите бил 21.10.2019 година, а кога ќе се пресметале деновите потребни за евалуација на понудите, донесување на одлука за избор на најповолна понуда, чекање да истече вообичаениот рок за евентуална жалба, рокот за изготвување на банкарска гаранција која била предвидена во тендерската документација, потоа самиот рок за исполнување на набавката за понудувачот кој ќе бил избран, вклучително и монтажата бидејќи набавката вклучувала не само набавка туку и изведба и на крај ако се додадел рокот за плаќање од 30 дена, кој како таков бил предвиден во самата тендерска документација, многу очекувано било дека исплатата на средства било нормално да биде во 2020 година, а не во 2019 како што навела Комисијата за јавни набавки при Општина Центар. Жалителот навел дека неразбирливо било како Комисијата за набавки при договорниот орган го користела за свој адут изговорот за немањето одобрено средства за исплата во 2020 година, кога истиот бил целосно неточен и бесмислен. Согласно наведеното, жалителот побарал Државната комисија за жалби по јавни набавки да ја поништи Одлуката за поништување на Постапката за јавна набавка и да ја врати постапката во фаза по електронска аукција, а пред донесување одлука за договорниот орган и да донесе Одлука за избор на најповолен понудувач на жалителот како економски оператор кој поднел прифатлива понуда и победил на аукцијата одржана на 04.11.2019 година.

Во одговорот на жалбата договорниот орган навел дека, постапувајќи по Решението на ДКЖЈН бр.09-19/5 од 14.01.2020 година во фаза по одржување на електронска аукција, а пред доставување на предлог за донесување одлука до одговорното лице на договорниот орган, извршил повторна евалуација на доставените понуди, по редослед согласно рангирањето по одржаната електронска аукција. При повторната евалуација на понудата на прворангираниот понудувач, сега тужител „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС“ ДООЕЛ Скопје, Комисијата повторно утврдила дека овој понудувач не го исполнил условот од економско-финансиска состојба предвиден во тендерската документација. Имено, од доставениот Извештај за билансот на состојба не можело да се утврди дали

понудувачот го остварил условот да имал минимален вкупен обрт на средства (вкупни приходи) од 5.000.000,00 денари за последните 3 години - 2016, 2017 и 2018 година (точка 2.4.2.1 од тендерската документација) бидејќи истиот не содржел никакви податоци за тоа, а додека доставениот Заклучен лист не бил документ кој се барал за докажување на економската и финансиска способност на понудувачот согласно точка 2.4.2.2 од тендерската документација. Од тие причини, Комисијата за јавни набавки утврдила дека понудата на понудувачот „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС“ ДООЕЛ Скопје е неприфатлива. Комисијата, понатаму, извршила повторна евалуација на понудите на второ, трето и четврто рангираниот понудувач на електронската аукција и повторно утврдила дека истите немале соодветни документи за докажување на способноста и како такви биле неприфатливи, а финансиските понуди на петто и шесто рангираниот понудувач биле надвор од рамките на проценетата вредност на јавната набавка и како такви исто така биле неприфатливи. Комисијата при повторната евалуација на понудите, утврдила дека сите понуди биле неприфатливи и од причина што бил истечен рокот за важност на понудите. Истото од причина што огласот бил објавен на ден 04.10.2019 година со краен рок за доставување понуди на ден 21.10.2019 година, со период на важност на понудите утврден во тендерската документација од 90 дена сметано од крајниот рок за доставување на понудите. Тоа подразбирало дека на 19.01.2020 година (недела) односно 20.01.2020 година (понеделник) истекувал периодот на важноста на понудите, па со оглед на тоа што важноста на сите понуди била истечена, а Комисијата за јавни набавки во рамките на важноста на понудите не побарала продолжување на истите, констатирано било дека сите понуди биле со истечена важност односно сите понуди биле и неприфатливи. Дополнително, Комисијата за јавни набавки при оценка на целокупната фактичка состојба, доставените понуди и целокупната документација за спроведување на јавната набавка утврдила дека постапката била започната и објавена на ЕСЈН на ден 04.10.2019 година, согласно поднесено барање за спроведување на постапка за јавна набавка бр.22-4301/1 од 29.08.2019 година во кое согласно интерните процедури на договорниот орган потребно било одобрување од Секторот за финансиски прашања на договорниот орган во однос на планираните и обезбедени средства за реализација на договорот. Видно од Барањето, Секторот за финансиски прашања планирал, обезбедил и одобрил средства за набавката во 2019 година со оглед дека планирано било договорот да се реализира по завршување на постапката за јавна набавка и склучување на договорот односно реализацијата била планирана во месеците Ноември и Декември 2019 година, како и исплатата на истата согласно одобрените средства во буџетот на договорниот орган за 2019 година. Со оглед дека постапка сеуште не била завршена, а имајќи предвид дека Секторот за финансиски прашања немал дадено одобрување на финансиските средства за реализација на договорот во 2020 година, односно истите ги немал одобрено, Комисијата сметала дека освен предлог за донесување Одлука за поништување на постапката не постоела ниту можност, ниту правен основ да изготви поинаков предлог освен предлог за донесување Одлука за поништување на постапката.

Државната комисија за жалби по јавни набавки постапувајќи по жалбата и жалбените наводи, како и по службена должност, согласно член 141 од Законот за јавните набавки, а врз основа на сите приложени докази во предметот и увидот во ЕСЈН за спроведената постапка за доделување договор за јавна набавка, утврдила дека жалбата на жалителот „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС“ ДООЕЛ Скопје е

неоснована, по што го донела сега оспореното решение бр.09-196/10 од 03.03.2020 година, со образложение дека во конкретната постапка за јавна набавка договорниот орган во периодот на важноста на понудите не побарал продолжување на рокот на важност за истите.

Имајќи ја предвид ваквата фактичка и правна состојба по предметот, Управниот суд цени дека во конкретниот случај, тужениот орган, во повторна постапка, правилно утврдил дека првостепениот орган правилно и целосно ја утврдил фактичка состојба и на така утврдената фактичка состојба правилно го применил материјалното право, по што ја одбил како неоснована жалбата на жалителот „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС“ ДООЕЛ Скопје, изјавена против Одлуката за поништување на постапка бр.09-361/3 од 10.02.2020 година донесена по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.09412/2019 за набавка на работи - набавка на гумени подови за детски игралишта на територија на Општина Центар – Скопје на договорниот орган Општина Центар. Во решението, тужениот орган детално ги образложил причините поради кои жалбата е одбиена.

Имено, Судот наоѓа дека првостепениот орган - Комисијата за јавни набавки, правилно утврдила, а Државната комисија за жалби по јавни набавки како второстепен орган, правилно потврдила дека согласно објавениот оглас и тендерската документација за предметната јавната набавка краен рок за доставување на понудите бил утврден на ден 21.10.2019 година, со период на важност на понудите утврден во тендерската документација од 90 дена сметано од крајниот рок за доставување на понудите, од што произлегувало дека на 19.01.2020 година (недела), односно 20.01.2020 година (понеделник), истекол периодот на важноста на понудите, влучително и важноста на понудата на сега тужителот. Согласно наведеното, а при тоа имајќи во предвид дека во точка 4.5 (период на важност на понудата) на тендерската документација потточка 4.5.1 меѓудругото било наведено дека периодот на важност на понудата ќе изнесува 90 дена од денот на јавното отворање за чие времетраење понудата во сите нејзини елементи е обврзувачка за понудувачот, како и дека понудите кои содржат покус период на важност од оној утврден во оваа точка од тендерската документација ќе бидат отфрлени како неприфатливи, при што во поточката 4.5.2 од тендерската документација било наведено дека доколку договорниот орган процени за потребно може да побара од понудувачот продолжување на периодот на важност на понудата, Судот наоѓа дека договорниот орган не го повредил Законот за јавни набавки, односно истиот можел, но не е обврзан, во исклучителни случаи, кои не настанале по негова вина, да побара од понудувачите продолжување на периодот на важност на понудите.

Исто така, Судот наоѓа дека првостепениот орган - Комисијата за јавни набавки, постапувајќи по Решението на ДКЖЈН бр.09-19/5 од 14.01.2020 година, во фаза по одржување на електронска аукција, а пред доставување на предлог за донесување одлука до одговорното лице на договорниот орган, извршил повторна евалуација на доставените понуди, по редослед согласно рангирањето по одржаната електронска аукција, по што, повторно правилно, утврдила дека овој понудувач не го исполнил условот од економско-финансиска состојба предвиден во тендерската документација. Комисијата правилно утврдила дека понудувачот, сега тужител, не го исполнил условот од економско-финансиска состојба предвиден во тендерската документација. Имено, од доставениот

Извештај за билансот на состојба не можело да се утврди дали понудувачот го остварил условот да имал минимален вкупен обрт на средства (вкупни приходи) од 5.000.000,00 денари за последните 3 години - 2016, 2017 и 2018 година (точка 2.4.2.1 од тендерската документација) бидејќи истиот не содржел никакви податоци за тоа, а додека доставениот Заклучен лист не бил документ кој се барал за докажување на економската и финансиска способност на понудувачот согласно точка 2.4.2.2 од тендерската документација. Од тие причини, Комисијата за јавни набавки утврдила дека понудата на понудувачот „КОНЦЕПТ ВЕРХАУС“ ДООЕЛ Скопје е неприфатлива.

При одлучувањето, Судот ги ценеше тужбените наводи на тужителот но имајќи го во предвид сето погоренаведено, доказите во списите по предметот, како и согласно цитираните одредби од Законот за јавните набавки, Судот истите наводи ги оцени за неосновани.

Со оглед на наведеното, Судот одлучи како во изреката на пресудата согласно член 39-а став 1 од Законот за управните спорови .

Пресудено во Управен суд на 08.01.2021 година, под У-6.бр.1001/2020.

Записничар – судски советник
Добрила Бришкоска Арсова

Претседател на совет - Судија
Марта Телеграчвиска

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа пресуда дозволена е жалба во рок од 15 дена по приемот, преку овој суд до Виш управен суд.

Налог за такса: Се задолжува тужителот да плати судска такса за тужба во износ од 480,00 денари и судска такса за одлука во износ од 800,00 денари, во рок од 15 дена од приемот на одлуката, примач Буџет на Република Северна Македонија, банка на примач НБСРМ, сметка број 1000-000-000-630-95, Уплатна сметка: 840-182-03338, Приходна шифра: 72-22-1, Програма:00, Начин:2, во спротивно ќе се наплати присилно преку Управата за јавни приходи зголемена за 50%.

Пресудата да се достави на:
- тужениот орган,
- тужител, преку полномошник
Александар Димитриевски, адвокат од Скопје,

Претседател на совет - Судија
Марта Телегравчиска

Со оригиналот сообразноста го потврдува
Судски службеник

РН /